Предлог

**ЗАПИСНИК**

**од 28-та седница на Собранието на ИОРРМ**

На ден 25.03.2021 година со почеток во 14.00 часот, земена предвид состојбата во државата настаната како резултат на пандемијата со вирусот КОВИД – 19, преку видео конференција се одржа 28-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) на кое присуствуваа членовите на ИОРРМ.

Евиденцијата за пријавени и за присутни членови на Собранието, ја води стручната служба на ИОРРМ, согласно објавената покана за пријавување на учество на 28-та седница на собранието на ИОРРМ и насоките содржани во неа.

За информатичко - техничи работи поврзани со спроведувањето на видео конференцијата за Собранието на ИОРРМ преку апликацијата WebEx е задолжена техничката служба на Едукативен центар М-ШЕСТ ДООЕЛ Скопје.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на ИОРРМ, Драган Димитров. Пред да се пристапи кон усвојување на доставениот предлог дневен ред, Престедателот по добиените информации од стручната служба на ИОРРМ, констатираше дека е исполнет кворумот за работа на Собранието. На седницата присуствува 128 членови на ИОРРМ.

По однос на доставениот предлог дневен ред претседателот ги информираше присутните дека во предвидениот рок во поканата за седницата, не се доставени предлози за изменување и дополнување на предлог дневниот ред.

Присутните членови гласаа по електонски пат за дневниот ред на 28-та седница на Собранието на ИОРРМ, при што дневниот ред беше едногласно усвоен, односно на седницата се работеше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од 27-та седница на Собранието на ИОРРМ.
2. Усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2020 година.
3. Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2020 година.
4. Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година:

А. Годишна сметка на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

Б. Извештај на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

5. (А) Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за разрешување на член на Комисијата за стандарди за ревизија.

   (Б) Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за стандарди за ревизија.

Предлог

**1. Усвојување на записникот од 27-та седница на Собранието на ИОРРМ.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Записникот од 27 -та седница на Собранието на ИОРРМ беше усвоен со 108 гласови ЗА и 4 ВОЗДРЖАН. Од присутните, 8 членови не гласале за ниту една од понудените опции ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.

**2. Усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2020 година.**

Претседателот Драган Димитров даде кусо резиме на предложениот Годишен извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за 2020 година и даде осврт на следното:

Во рамките на Годишната програма за КПУ за 2020 година беа спроведени 14 настани за КПУ или вкупно 54 часа, со што се овозможи на овластените ревизори да ја исполнат законската обврска да посетуваат најмалку 120 часа за период од три години, односно најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување од областа на сметководството и ревизијата, согласно член 28 од Законот за ревизија. Поголемиот дел од предавањата можеа да се проследат и преку веб страната на ИОРРМ.

ИОРРМ во 2020 година спроведе две сесии за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор, во септември/октомври 2020 година и декември 2020 година. Спроведувањето на контрола на квалитетот на ревизорските услуги на терен согласно Годишниот план за 2019/2020 година, имаше прекин во текот на времетраењето на вонредната состојба прогласена заради пандемијата на вирусот COVID – 19. Последователно, спроведувањето на контролата на квалитет продолжи согласно инструкциите наведени во циркуларното писмо - Упатство за спроведување на контролите на квалитет во услови на COVID-19, подготвено од Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги, а одобрено од Управниот одбор на ИОРРМ. Во 2020 година, ИОРРМ како полноправна членка на IFAC имаше редовна комуникација. На 11 и 12 ноември 2020 година, претседателот на ИОРРМ учествуваше на седница на Собранието на IFAC, што се одржа преку видео конференција. Во 2020 година, Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) потпиша Меморандум за соработка со Комората на проценувачи на Република Северна Македонија и Меморандум за соработка со Државниот завод за ревизија.

Претседателот особено изрази благодарност до Комисијата за стандарди за ревизија, чии членови во текот на 2020 година напорно работеа на разгледување и одобрување на преводот на меѓународни стандарди за ревизија. Претседателот, членови на Управниот одбор и претставници на ИОРРМ одржаа неколку состаноци со претседателот, членови и претставници на СУНРРСМ за разгледувања на прашања што се однесуваат на доставени акти од страна на ИОРРМ за добивање мислење/ согласност од СУНРРСМ, како и за разгледување на прашања од заеднички интерес и предизвиците во професијата.

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка. Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2020 година беше усвоен со 108 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАН. Од присутните, 12 членови не гласале за ниту една од понудените опции ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.

**3. Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2020 година.**

На седницата по оваа точка, излагање за Извештајот за работењето на Надзорниот одбор за 2020 година даде проф. Верица Хаџивасилева Марковска, определена од останатите членови на Надзорниот одбор.

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија, Извештајот за работењето на Надзорниот одбор за 2020 година беше разгледан без забелешки.

**4. Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година:**

**А. Годишна сметка на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година.**

**Б. Извештај на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Одлуката за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2020 година беа усвоени со 114 гласа ЗА. Од присутните, 13 членови не гласале за ниту една од понудените опции ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.

**5. (А) Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за разрешување на член на Комисијата за стандарди за ревизија.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Одлуката за потврдување на Одлуката за разрешување на член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор беше усвоена со 103 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАН. Од присутните, 19 членови не гласале за ниту една од понудените опции ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.

**(Б) Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за стандарди за ревизија.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Одлуката за потврдување на Одлуката за назначување на член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор беше усвоена со 105 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАН. Од присутните, 17 член не гласале за ниту една од понудените опции ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.

Откако беа исцрпени сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори 28 -та седница на Собранието на ИОРРМ.

**Подготвил,**
**Калина Велковска**
**13.04.2021 година**

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**